Влада на Република Северна Македонија

Архивски број: 2101-353

…ените на Општина Велес

Врз основ Вашиот меил доставен до ЈУ МЦСР Велес на ден 24.02.2021 година, во кој се бараат податоци врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ве известуваме:

Центарот за лица жртви на семејно насилство е отворен од декември 2019 годината во рамките на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес. Од тогаш до денес имаше 4 сместувања на жртви на семејно насилство, во 1 случај се работеше за сместување на жена и дете, а во 3 случаи само жени.

Во текот на 2018 година работевме во 33 случаи на семејно насилство.

Во текот на 2019 г. евидентирани се вкупно 35 нови лица жртви на семејно насилство во 29 новоевидентирани случаи, а вкупно во годината се работеше со 45 лица жртви, и со 29 сторители на семејно насилство.

Во текот на 2020 г. имаше вкупно евидентирани 42 случаи на семејно насилство.

Во сите случаи на семејно насилство Центарот пружа услуги на информирање за правата (право на придружник, право од здравствена заштита, од социјална заштита, на правна помош и совет, право на информирање на начин и јазик на кој ќе ги разбере правата, за процедурите и право на информирање за сите прашања во текот на постапките) и за мерките на заштита (сместување во центар за лица жртви на семејно насилство, соодветна здравствена заштита, психо – социјална интервенција и третман во советувалиште, помош на семејството за редовно школување на дете, правна помош и застапување, економско јакнење на жртвата), врши проценка на потребите на жртвата за заштита од семејно насилство и проценка на ризикот од загрозување на животот и здравјето на жртвата, детето и членовите на семејството, а според проценката по потреба се свикува мултисекторски тим за изготвување на безбедносен план.

Понатаму, Центарот врши спроведување и следење на мерките на заштита на жртвата на семејно насилство и следење на изречените мерки за заштита од семејно насилство изречени од страна на судот.

По претходна согласност на жртвата за преземање на мерки за привремена заштита Центарот изготвува предлог за изрекување привремени мерки за заштита и го доставува до судот. Во 2019 година предложени се вкупно 47 мерки, во 2020 година беа предложени вкупно 53, а изречени 37 мерки на заштита.

Во текот на 2020 година, во услови на вонредната состојба и прогласена епидемија/пандемија на вирусот Корона, лицата жртви на семејно насилство беа опфатени со поделби на хуманитарна помош (од страна на МТСП и други донатори) – повеќе од 10 лица и финансиска помош (од страна на Општина Велес) – 10 лица.

Во 2020 година, вкупно 16 лица жртви на семејно насилство беа корисници на едно или повеќе права од социјална заштита (гарантирана минимална помош, еднократна парична помош и др).

Со почит,

ЈУ МЦСР Велес

Раководител на Служба за услуги

Биљана Домазетова

в.д. ДИРЕКТОР

Азиза Шини

Република Северна Македонија * Јавна установа меѓуопштински центар за социјални работи * ВЕЛЕС 1